# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ
## КОН ПРЕДЛОГ БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ЗА 2025 ГОДИНА

*Општина Кавадарци*
*Сектор за финансиски прашања*
*Декември 2024,Кавадарци*

# 1.ВОВЕД

**Буџетот** на општината се изготвува, донесува и извршува во согласност со Законот за буџетите, а расходите се извршуваат во согласност со прописите за нивно извршување, во рамките и намените утврдени во буџетот.

**Буџетскиот процес** започнува со доставување на **буџетскиот циркулар**, со кој општините се известуваат за основните макроекономски индикатори. Роковите за планирање на општинскиот буџет се регулираат со **буџетскиот календар** донесен од советот на општината. Со буџетскиот календар се утврдува: рокот за доставување на главните насоки за изготвување на финансиските планови до буџетските корисници, рокот за доставување на финансиските планови од страна на буџетските корисници до градоначалникот и рокот за доставување на предлог буџет од страна на градоначалникот до советот на општината.

Советот на општината го **донесува буџетот** за наредната година најдоцна до 31 декември во тековната година, по сметки, програми и ставки. Доколку буџетот на општината не биде донесен до пропишаниот рок, советот на општината е должен да донесе **одлука за времено финансирање и финансиски план** за нејзино спорведување за периодот од 1 јануари до 31 март за тековната година. Градоначалникот одобрува исплата на средстват по сметки, програми и ставки од буџетот месечно, најмногу до една третина од вкупно извршените расходи во првиот квартал од претходната фискална година, најдоцна до 31 март.

Буџетите на единиците на локалната самоуправа мора да бидат избалансирани односно не смеат да содржат буџетски дефицит.

Општините изготвуваат **единствен буџет** кој ги содржи средствата на советот, градоначалникот и управните и административните органи, програма за комунално уредување, програма за улично осветлување, програма за патишта, програма за јавни зелени површини, програма за пошумување, програмата за образование и други програми.

Буџетот на општината се состои од **општ , посебен и развоен дел**.

**Општиот дел содржи:**

- Консолидиран биланс на приходи и расходи;
- Функционална класификација на расходите;
- Биланс на тековно – оперативни приходи и расходи, и
- Биланс на капитални приходи и расходи.

**Посебниот дел содржи:**

- Расходи кои се групирани според корисници ,програми ,потпрограми и ставки.

**Развојниот дел содржи:**

- План на програми за развој на општината прокажани по развојни проекти.

Со донесувањето на буџетот, советот на општината донесува **одлука за извршување на буџетот.**

**Финансирањето** на општините се уредува со закон.

Општините своите буџети ги изготвуваат, предлагаат и донесуваат самостојно во согласност со Законот за буџетите и други прописи, врз основа на макроекономските агрегати и во согласност со инструкциите дадени од министерот за финасии за класифицирање на приходите и расходите.

За извршување на буџетот е одговорен градоначалникот на општината. Општината за користење на средствата на буџетот доставува годишни и квартални финансиски планови по сметки, програми и по расходни ставки. Општината води евиденција на преземените обврски, која опфаќа пријавување, промена и поништување на пријавените преземени обврски, согласно прописите за трезорско работење.

**Извори на финансирање** на општините се:

- Сопствени извори на приходи (локални даноци, локални такси, локални надоместоци, приходи од сопственост, приходи од донации);
- Дотации на средства од Буџетот на Република Македонија и од буџетите на фондовите;
- Задолжување.

**Локалните даноци, локалните надоместоци и локалните такси**, висината на стапките на даноците и висината на надоместоците и таксите се утврдуваат со закон.

Општината остварува **приходи од персонален данок од доход** наплатен во текот на годината. Остварениот приходи по основ на овој вид приход се распоредува:

- персоналниот данок на доход од плати од физички лица кои се наплатени во општината и
- персоналниот данок на доход од физички лица кои се занимаваат со занаетчиска дејност.

Општината може да добие **донации** од разни донатори. Донациите во паричен облик претставуваат приход за општината, додека донациите во ствари треба да се евидентираат во сметководствената евиденција на општината. Намената и начинот на користење на донациите се регулираат со договор меѓу донаторот и градоначалникот, со претходна согласност од страна на советот на општината.

Доколку општината е корисник на донација треба да ги применува одредбите од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности:

- Предмет на донацијата треба да биде остварување на јавен интерес;
- Договорот за донација задолжително се доставува до Управата за јавни приходи најдоцна до 30 дена;
- Општината и давателот на донацијата се должни да изготвуваат извештај за донацијата со сите потребни податоци и информации;
- Министерството за правда во рок од 15 дена од приемот на барањето на давателот на донацијата и спонзорството, издава решение со кое се потврдува јавниот интерес.

Општините се корисници на **дотации од Буџетот на Република Македонија** и тоа:

- Приход од данок на додадена вредност;
- Наменска дотација (за конретна активност – проект/програма);
- Капитална дотација (за инвестициони проекти);
- Блок дотација (за конкретни програми);
- Дотација за делегирана надлежност.

Општините може да се **задолжуваат** на домашниот и странскиот пазар на капитал, по претходна согласност на Владата на Република Македонија, утврдено врз основа на мислење на Министерството за финасии. Општината не може да даде под хипотека имот на општината, кој служи за вршење на дејностите од јавен интерес.

Општината може да се задолжува **краткорочно** во земјата што ќе се отплати до крајот на тековната година. Краткорочното задолжување не може да се користи за плаќање на казни и казнени камати. Вкупното краткорочно задолжување во текот на годината не може да изнесува повеќе од 20% од вкупните реализирани приходи во претходната фискална година.

За **долгорочно задолжување** на општината е потребно одобрение од советот на општината, по претходно одржана јавна расправа во општината. Вкупното долгорочно задолжување не може да надмине 20% од вкупните реализирани приходи во претходната фискална година.

Општините, во рамките на своите надлежности, самостојно располагаат со сопствените извори на приходи.

**Приходите** наплатени по 31 декември на сметка на буџетот се евидентираат како приходи на буџетот за следната фискална година.

Корисниците на средствата на буџетите на општините се должни утврдените средства во буџетот да ги користат **наменски, рационално и економично** и не смеат да преземат обврски над лимитот од одобрените средства.

Износите на приходите наведени во годишниот буџетски документ не се фиксно определени и лимитирани.

Износите на расходите утврдени со годишниот буџетски документ се сметаат како максимални износи и над овие износи не може да се преземаат никакви обврски.

Секој расход што бара нов извор на приходи заедно со предложениот извор, како и кога треба да се намалат планираните расходи, кои се одобрени заради неостварување на планираните приходи се обработува во посебен буџетски документ (ребаланс), а го донесува совеот на општината.

Во буџетот на општината за финансирање на непланирани или помалку планирани расходи можат да се планираат средства како **постојана и тековна резерва**. Постојаната и тековната резерва не можат да надминат 3% од вкупно планираните средства во основниот буџет на општината. За користењето на овие средства одлучува советот на општината. По исклучок, за користење на средствата од резервите до износ најмногу до 50.000 денари одлучува градоначалникот. Градоначалникот на општината му поднесува на советот на општината годишен извештај за користењето на средствата од резервите.

Утврдените износи со буџетот, може да ги **прераспределува** меѓу трошковните ставки, со исклучок на расходните ставки меѓу платите и другите расходи, плаќање на

каматите и отплатата на главницата на заемите, во рамките утврдени со законските и подзаконските прописи.

**Зголемувањето**, односно **намалувањето на приходите** се заснова на барање кое се доставува од страна на градоначалникот до советот на општината.

Градоначалникот доставува до Министерството за финансии и до советот на општината **квартални извештаи** со образложение за извршување на буџетот во рок од еден месец по завршување на кварталот.

# 2.ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

Буџетот на Единицата на локална самоуправа претставува годишен план на приходи , други приливи и одобрени средства и ги вклучува основниот буџет , приходи од дотации , приходи од донации , приходи од самофинасирачки активности и приходи од кредити.

Расходниот дел на буџетот на Општината вклучува информации за финасирање по програми и потпрограми согласно изворните и пренесените надлежности на Општините.

Буџетот на Единиците на Локалната самоуправа т.е.Општина Кавадарци се состои од три сегменти:

- Општ дел
- Посебен дел
- Развоен дел

**<u>А.Општиот дел на буџетот</u>** ги содржи вкупните приходи и други приливи и вкупните расходи и други одливи на буџетот за фискалната година.

**<u>Б.Посебниот дел на Буџетот</u>** содржи План на одобрените средства на буџетските корисници по Програми , потпрограми и ставки за фискалната година

**<u>В.Развојниот дел на Буџетот</u>** ги содржи плановите на програмите за развој на буџетските корисници прикажани по развојни проекти.

Предлог Буџетот на Општина Кавадарци за 2025 година е дименизиониран на износ од **<u>1.502.453.000</u>** ден. од кој:

Основниот Општински буџет изнесува **738.709.000** денари ,
Приходи од самофинансирачки активности изнесува **57.155.000** денари,
Приходи од дотации во износ од **681.900.000** денари,
Приходи од донации во износ од **24.689.000** денари, и
Приходи од кредити во износ од 0,00 денари

Во продолжение ќе биде дадено детално образложение за планираните Вкупните Приходи по оделни ставки како и Вкупните расходи и нивно трошење по соодветни програми.

# А.ОПШТ ДЕЛ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

ги содржи вкупните приходи и други приливи и вкупните расходи и други одливи односно Биланс на Приходи и Биланс на Расходи на буџетот за фискалната 2025 година

## 1.БИЛАНС НА ПРИХОДИ

Приходите во предлог Буџетот на Општина Кавадарци за 2025 година се планирани на вкупен износ од 1.502.453.000 ден од кои:

- Приходи во Основниот општински буџет изнесува 738.709.000 денари ,
- Приходи од самофинансирачки активности изнесува 57.155.000 денари,
- Приходи од дотации износ од 681.900.000 денари,
- Приходи од донации во износ од 24.689.000 денари, и
- Приходи од кредити износ од 0,00 ден

**1.1.Основниот Општински буџет за 2025 година** во приходниот дел е планиран на износ од 738.709.000 ден и истиот се состои од следните приходи :

1. **Даночни приходи** со предлог буџетот се планирани на износ од 295.358.000 ден од кои:

- Данок од доход,од добивка и од капитална добивка е планиран на ниво од 30.670.000 денари. Реализацијата на овој приход се должи на пропишаните Законски рокови за регулирање на обврските за данок на плата во јавниот и приватниот сектор и зголемената фискална дисциплина за плаќање на обврските по основ на добивка и капитална добивка.

- Даноци на имот се планирани на ниво од 99.538.000 ден, од кои Данок на имот од физички лица износ од 28.000.000 ден , Данок на имот од правни лица износ од 27.500.000, Данок на наследство и подарок износ од 4.500.000 ден, Данок на промет на недвижности 39.338.000 ден. и Камата за ненавремено плаќање на Данок износ од 200.000 ден

- Даноци на специфични услуги – се планирани на износ од 133.600.000 ден од кои позначајни се приходите од Комунална такса за истакната фирма – 12.000.000 ден ; Комунална такса за користење на улици со патнички,товарни и моторни возила што се плаќа при регистрација – 10.000.000 ден ; Комунална такса за користење и одржување на јавно осветлување – 42.500.000 ден ;Комунална такса за користење на простор пред деловни простории за вршење на дејноста – 4.000.000 ден ; Комунална такса за користење на простор за паркирање на моторни возила – 2.500.000 ден и Надомест за уредување на градежно земјиште кое е планирано на износ од 62.000.000 ден.

- Такси на користење или дозволи за вршење на дејност се планирани на износ од 31.550.000 ден – во рамките на овој приход е ставка Надомест за одржување на Јавна чистот износ од 31.550.000 ден односно надомест за миење и метење на улици и одржување на зелени површини.

2. **Неданочни приходи** со предлог буџетот се планирани на износ од 152.384.000 ден од кои:

- Претприемачки приход и приход од имот планиран износ од 141.384.000 ден(Добивка од ЈП Комуналец)

- Глоби , Судски и административни Такси планирани согласно законските прописи и остварувањето на приходите од претходните години се планирани на износ од 2.000.000 ден

-Такси и надоместоци се планирани на износ од 1.500.000 ден односно Приходи од закупнина на општински имот износ од 1.500.000 ден

- Други неданочни приходи се планирани на износ од 7.500.000 ден од кои позначајни ставки се Останати неданочни приходи во износ од 4.000.000 ден и 3.450.000 ден се очекувани приходи од 2 % наплатени премии за каско осигурување на моторни возила.

**3. Капитални приходи** со предлог буџетот се планирани на износ од 94.600.000 ден од кои:

-Очекувани Приходи од продажба на неизградено градежно земјиште во износ од 61.500.000 ден

-Очекувани приходи од Закуп на земјоделко земјиште износ од 8.000.000 ден.

-Концесии за експлоатација на минерални суровини по основ на простор износ од 5.000.000 ден

-Концесии за експлоатација на минерални суровини по основ на експлоатирана минерална суровина износ од 10.000.000 ден

-Очекуван Приход од надомест за долготраен и времен закуп на градежно земјиште во износ од 100.000 ден

-Очекуван приход од Надомест за утврдување на статус на бесправно изградени објекти износ од 10.000.000 ден

**4. Трансфери и донации** со предлог буџетот се планирани на износ од 196.367.000 ден во кои влегуваат приходи од дотации од ДДВ во износ од 91.521.446 , Трансфер од буџетот на фондовите -Агенција за државни патишта износ од 7.030.056 ден , Трансфер од буџето на РМ-Министерство за транспорт и врски износ од 1.122.000 ден -Проект за реконструкција на ул.Ѓорѓи Соколов и Капитални трансфери од други нивоа на власт износ од 96.693.498 ден-Проекти од Унгарскиот кредит

**1.2. Приходи од самофинансирачки активности за 2025 година** на Општинските буџетски корисници во приходниот дел е планиран на износ од 57.155.000 ден.

Планирањето на овој приход е усогласен со потребите , барањата и предвидувањата на локалните јавни установи.

Во рамките на овој Буџет влегуваат Неданочните приходи во вкупен износ од 57.155.000 ден од кои за Такси и надоместоци за дипломи , сертификати и испити,Приходи од продажба,Членарина,од Билети , Приходи од закупнина во износ од 56.312.000 ден , Други неданочни Приходи во износ од 843.000 ден ,

**1.3. Приходи од дотации 2025 година** во приходниот дел е планиран на износ од 681.900.000 ден од кои :

- Блок дотации за Основно образование во износ од 368.955.000 ден
- Блок дотации за Средно образование во износ до 160.000.000 ден
- Блок дотации за Детска заштита во износ од 103.568.000 ден
- Блок дотации за дејности од областа на културата во износ од 29.167.000 ден
- Наменски дотации за пожарникарство во износ од 20.210.000 ден

**1.4. Приходи од донации за 2025 година** во приходниот дел е планиран на износ од 24.689.000 ден,очекувани приходи по проект во Образованието во износ од 24.689.000 ден.

# 2.БИЛАНС НА РАСХОДИ

Расходите во предлог Буџетот на Општина Кавадарци за 2025 година се планирани на вкупен износ од 1.502.453.000 ден од кои:

- Расходите во Основниот општински буџет изнесува 738.709.000 денари ,
- Расходи од самофинансирачки активности изнесува 57.155.000 денари,
- Расходи од дотации износ од 681.900.000 денари,
- Расходи од донации во износ од 24.689.000 денари, и
- Расходи од кредити износ од 0,00 ден

**<u>2.1.Основниот Општински буџет</u>** е димензиониран на износ од 738.709.000 ден од кои:

**-Расходите за Плати и надоместоци** на Градска Администрација, Градоначалник и Совет на Општина е планиран износ од 128.974.000 ден,

**- Тековни резерви** и недефинирани расходи износ од 200.000 ден ,

**- Стоки и Услуги**( Комунални услуги , греење ,комуникација , транспорт, Матерјали , Ситен Инвентар , Поправки и Тековно одржување , Договорни услуги – Копирање, Печатење , финасиски и правни услуги и др. ,Тековни расходи,Патни и дневни расходи и Привремени вработувања и др. ) износ од 161.793.000 ден.

Во рамките на расходите за Стоки и услуги посебно значајни се следните ставки:

***Патни и дневни расходи планиран износ од 769.000 ден** од кои 550.000 ден се расходи на Општинска администрација и Советници за патување во странство и патни трошоци во земјата и износ од 219.000 ден наменети за институциите од областа на културата.

***Комунални услуги,греење,комуникации и транспорт износ од 13.626.000 ден планирани за следните расходи:**

-Трошоци за електрична енергија 5.710.000 ден наменети за порошена електрична енергија за општинска Зграда и објекти по месни заедници

-Расходи за Водовод и Канализација износ од 470.000 ден

-Течни горива износ од 1.000.000 ден наменети за набавка на нафта за парно греење во општинската зграда,Дрва односно пилети за ППЕ во износ од 190.000 ден., Други трошоци за комуникација (интернет, сигурен град) износ од 595.000 ден

-Пошта износ од 1.516.000 ден,Телефон и телефакс износ од 1.940.000 ден,Трошоци за горива и масла износ од 1.575.000 ден.

-Регистрација на моторни возила –Возен парк на Општина Кавадарци и ППЕ износ од 270.000 ден , Транспорт на стоки и луѓе во институциите од областа на културата износ од 355.000 ден

***Матерјали и ситен инвентар планирани расходи од 32.075.000 ден и тоа:**

-Канцелариски матерјал планиран расход од 505.000 ден

-Списанија и стручна литература за вработените износ од 140.000 ден.

-Униформи износ од 200.000 ден

-Прехрамбени продукти и пијалоци расход во износ од 24.240.000 ден, од кои износ од 23.510.000 ден е топол оброк на децата до петто оделение во Основното образование , износ од 500.000 ден трошоци на Општинската

администрација и износ од 230.000 деннаменети за расход во институциите од областа на културата.

-Наставно образовни помагала во основното образование износ од 3.200.000 ден наменети за подрачните училишта во с.Сопот, с.Марена и с.Возарци

-Средства за одржување на хигиена износ од 250.000 ден , Матерјали за разни поправки износ од 45.000 ден, Набавка на ситен инвентар износ од 140.000 ден наменет за институциите од областа на културата

-Други матерјали износ од 3.350.000 ден од кои износ од 3.000.000 ден наменети за матерјали за тековно одржување на уличното осветлување,Други матерјали за поправки во општинската зграда износ 120.000 ден., Матерјали за поправка во ППЕ износ од 100.000 ден и износ од 130.000 ден за поправки во институциите од областа на културата.

***Поправки и тековно одржување планиран расход од 57.905.000 ден и тоа:**

-Поравки и сервисирање на лесни возила на Општина Кавадарци(набавка на гуми и резервни делови и одржување) планиран износ од 1.000.000 ден.

-Поправки на други возила планиран износ од 600.000 ден наменети за сервисирање на ПП возила.

-Одржување на згради на износ од 70.000 ден. и Обезбедување на објекти износ од 50.000 ден за институциите од културата.

-Дезинфекција,дезинсекција и дератизација износ од 1.710.000 ден наменети за Третман на комарци и трошоци за Дератизација.

-Одржување на локални улици и патишта износ од 30.000.000 ден од кои 3.000.000 ден се наменети за Зимско одржување , 3.000.000 ден крпење на ударните дупки,износ од 1.000.000 ден за одржување на локални патишта , износ од 17.000.000 ден наменети се за Јавна чистота односно миење и метење на улици и износ од 6.000.000 ден наменети за одбележување на собраќајници во град Кавадарци.

-Поправка и одржување на софтвер и хардвер износ од 2.000.000 ден

-Поправки и одржување на друга опрема износ од 7.975.000 ден од кои за одржување на семафори и знаци износ од 500.000 ден, одржување на урбана опрема износ од 1.000.000 ден,. износ од 4.000.000 ден за одржување на улично осветлување , износ од 1.500.000 ден за Одржување на тоалетни кабини, износ од 500.000 ден за Одржување на систем за улично осветлување , износ од 100.000 ден за одржување на клими во општинската зграда ,Сервисирање на ПП апарати износ од 300.000 ден И износ од 75.000 ден е расход во институциите од културата.

-Одржување на зелени површини во Општина Кавадарци износ од 14.500.000 ден

***Договорни услуги планирани расходи износ од 16.985.000 ден и тоа:**

-Изнајмување на друга опрема износ од 750.000 ден односно изнајмување на повеќенаменски принтери за период од две години

-Планирани расходи за банкарска провизија износ од 100.000 ден ,Осигурување на недвижен имот износ од 285.000 ден, Осигурување на моторни возила износ од 270.000 ден, Правни услуги износ од 810.000 ден, Судски вештачења износ од 150.000 ден.Плаќање на судски такси износ од 50.000 ден.Систематски преглед на вработените планиран износ од 215.000 ден

-Изработка на просторни и урбанистички планови на територијата на Општина Кавадарци износ од 5.000.000 ден

-Услуги за копирање печатење и издавање износ од 1.500.000 ден наменети за печатење на Кавадаречки весник,ПП Информатор, Летоци, Брошури, Туристичка карта ,пригодна амбалажа и сл.

-Рушење на објекти износ од 150.000 ден, Консултатнтску услуги износ од 75.000 ден.

-Други договорни услуги износ од 7.550.000 ден и тоа износ од 1.400.000 ден наменети за Проценка на земјиште, Геодетски елаборати, Лабараториски испитување на асфалт,плочки и др.градежен матерјал, износ од 5.430.000 ден наменети за ангажирање на волонтери за 12 месеци, Проект за Општо корисна работа ,Јавни работи , Комисија за урбанистички планови,Консултанннтски услуги и др. И износ од 720.000 ден расходи на институциите од културата.

***Други тековни расходи планиран расход од 4.133.000 ден и тоа:**

-Членарини во странски(Фестивал на Европски Карневалски Градови) и домашни организации (ЗЕЛС) износ 913.000 ден

-Расходи за репрезентација на Советници и Општинска Администрација износ од 500.000 ден,Репрезентации за културните институции износ од 180.000 ден, Семинари и конференции износ од 440.000 ден, Објавување огласи износ од 1.470.000 ден-Огласи во Службен весник и Огласи во печатените медиуми -Огласи во печатени медиуми за урбанизам,вработувања и сл. Огласи во Биро за Јавни набавки.

-Други оперативни расходи износ од 630.000 ден.наменети за Нотарски услуги,Катастарски услуги,Контрола на нафта ,ИСО Стандарди, и сл.

***Привремени вработувања планиран износ од 36.300.000 ден и тоа:**

-Привремени вработувања планиран износ од 36.300.000 ден од кои 17.000.000 ден се планирани износи во Општина Кавадарци а останатиот дел од 19.300.000 ден се наменети за вработувања во основното образование износ од 8.550.000 ден, Култура К2-Дом на култура износ од 4.105.000 ден и К3-Музеј на град Кавадарци износ од 1.981.000 ден.

**-Каматни плаќања** се планирани на износ од 5.500.000 ден за отплата на Камата по основ на искоритени кредити од Општина Кавадарци.и тоа кредит во Комерцијална банка ад камата во износ од 3.300.000 ден и кредит во Мин.за финансии износ од 2.200.000 ден.

**-Субвенции и трансфери** се планирани на износ од 145.196.000 ден од кои:

***Субвенции до Јавни комунални претпријатија** износ од 26.200.000 ден од кои износ од 14.200.000 ден наменети за ЈП Паркинзи Кавадарци, износ од 7.300.000 ден наменети за ЈП Градски Перевоз , износ од 4.000.000 ден ЈП Спортска сала Јасмин и ЈП Комуналец износ од 700.000 ден

***Субвенции до други институции** износ од 7.000.000 ден од кои износ од 4.500.000 ден. наменети за Локален Вински Музеј на Град Кавадарци и износ од 2.500.000 ден наменети за Ученички дом К.П.Мисирков

***Трансфери до невладини организации** износ од 39.880.000 ден и тоа: Трансфери до Здруженија на граѓани износ од 3.000.000 ден врз основа на Конкурс за Апликација на НВО од Кавадарци , Трансфери до Спортски клубови износ од

35.000.000 ден. ,Трансфер до Здруженија за Развој на вински туризам износ од 1.000.000 ден,Банка за храна износ од 80.000 ден и Здружение на млади Креактив износ од 800.000 ден

*Разни трансфери** износ 5.310.000 ден и тоа: Судски решенија износ од 3.000.000 ден, Трансфери при пензионирање износ од 2.310.000 ден(Општина Кавадарци и сите општински институции) ,

***Други трансфери** износ од 66.806.000 дени тоа:Советувалиштен центар Визија –родова еднаквост износ од 795.000 ден,Сомисија за еднакви можности при Општина Кавадарци износ од 200.000 ден, Совет за превенција од малолетничка деликвенција износ од 30.000 ден, Општински Совет за безбедност на Сообраќајот износ од 60.000 ден, Културни манифестации-Организација на Нова година.свети Трипун И Тиквешки гроздобер и други културни активности износ од 12.500.000 ден, Субвенции за набавка на велосипеди износ од 300.000 ден, Субвенции за клима уреди износ од 1.000.000 ден, Трансфер до ЦРВПР –Проект Кеј река Луда мара износ од 1.951.000 ден, Провизија за релаизирани проекти со ЦРВПР за 2024/2025 г износ од 700.000 ден, Трансфер до ЈП Стационар Кавадарци-Кофинансирање за заловено куче износ од 1.360.000 ден, Трансфер до ЈП Стационар Кавадарци-Кофинансирање по глава на жител износ од 1.546.000 ден ден,Трансфер до УНДП по Проект за експериментирање на Општинските услуги износ од 759.000 ден,Награди за успеШните ученици и ментори од Основното И Средното образование износ од 1.200.000 ден, Набавка на инвалидски колички износ од 130.000 ден, Исплата по решенија за смрт на потесен член на семејство износ од 1.800.000 ден-Општина Кавадарци,Образование.Култура,Деттска градинка., Исплати по основ на Решенија за набавки до 61.500 ден,Миење на коли , набавка на знамиња,Набавка на електронски сертификати, Јубилејни награди идр износ од 4.150.000 ден ,Унапредување на здравствена заштита-Трансфер на средства за ЈЗО за Одржување на електронски систем износ од 1.200.000 ден,Трансфер за потрошена електрична енергија за улично осветлување до ЈП Паркинг износ од 17.000.000 ден , Брендирање на возила износ од 200.000 ден,Мерење на загадување на вода, воздух, бучава износ од 300.000 ден, Набавка на цветни и дрвни насади износ од 1.000.000 ден, Одржување на трава на фудбалски стадиони износ од 3.000.000 ден, Кофинансирање на Проект за спречување на загадувањето на воздухот кој го имплементира Програмата за развој на ОН во соработка со МЖСПП износ од 10.000.000 ден,(Покривање на Кавадаречки дол и поставување на цевковод),Обезбедување на транспарентност на Општината преку телевизиските медиуми износ од 425.000 ден, Набавка на сувенири износ од 300.000 ден и Репрзентативни поклони за делегации во странство износ од 450.000 ден

**-Социјални надоместоци** се планирани на износ од 5.000.000 ден од кои за ЕПП за социјално загрозени семејства,лекување и др. износ од 2.100.000 ден,ЕПП на ПРВАЧИЊА во учебната 2024/2025 година износ од 900.000 ден и Помош за новородено дете износ од 2.000.000 ден со што се задржува социјалната компонента на Општинскиот буџет .

**-Капитални расходи** се планирани на износ од 274.951.000 ден со што Општинскиот буџет има доминантен Комунален и инфраструктурен карактер односно главен акцент се става на комуналната изградба и се распоредени по програми и потпрограми со што се дефинираат трошоците по намени,

***Купување на опрема и машини** планирани расходи од 19.750.000 ден и тоа:

-Купување на информатичка опрема износ од 2.450.000 ден,

-Купување на опрема за греење и климатизација износ од 100.000 ден

-Купување друга опрема износ од 17.200.000 ден и тоа:Набавка на опрема за потребите на ТПП единица Кавадарци износ од 300.000 ден., Набавка на клупи за седење и корпи за отпадоци износ од 1.000.000 ден , Детски игралишта износ од 1.000.000 ден,Настрешница за такси возила износ од 1.000.000 ден., Портали над раскрсница со Патокази износ од 500.000 ден , Набавка на знаци, патокази и сл. износ од 500.000 ден.Изградба на семафори на раскрсница износ од 2.000.000 ден. и Детски игралишта –Повеќегодишна набавка износ од 7.900.000 ден

***Други градежни објекти** планирани расходи во износ од 229.036.000 ден. наменети за:

- Подготовка на проекти за улици и патишта износ од 7.100.000 ден,

**- Изградба на улици и патишта износ од 56.224.000 ден. и тоа:**

*Асфалтирање , поплочување, изградба на потпорни ѕидови во УЗ во град Кавадарци износ од 28.650.000 ден

*Поплочување . изградба на потпорни ѕидови во Селски месни заедници износ од 11.000.000 ден

*Реконструкција на улици со гранитни коцки и павер елементи износ од 2.000.000 ден и Тампонирање и санација на полски патишта износ од 2.000.000 ден.

*Изградба на ул.Шишка Втора фаза износ од 9.974.000 ден.

**- Реконструкција на улици и патишта износ од 2.232.000 ден**. наменети за Реализација на Проектот за Реконструкција на ул.Ѓорѓи Соколов во соработка со Министерството за транспорт и врски.Општина Кавдараци учествува со износ од 1.200.000 ден додека Министерството трансферира средства на наменска сметка во износ од 1.122.811 ден.

**- Изградба на фекална и атмосферска канализација износ од 23.341.000 ден. наменети за следните проекти:**

**Проект за изградба на водоводна линија,фекална и атмосферска канализација на ул.Лазо Асијата-Повеќегодишна набавка износ за исплата во 2025 година 3.392.000 ден.

*Реконструкција на фекална канализација за с.Ресава.Вкупен износ на проектот 9.545.688 ден.Општина Кавадарци учествува со износ од 6.545.688 ден, додека Министерството за ЖСПП плаќа износ од 3.000.000 ден директно на изведувачот.

* Реконструкција на фекална канализација за с.Дабниште .Вкупен износ на проектот 10.402.703 ден.Општина Кавадарци учествува со износ од 7.402.703 ден, додека Министерството за ЖСПП плаќа износ од 3.000.000 ден директно на изведувачот.

**- Изградба на системи за водоснабдување износ од 1.966.000 ден. и тоа:**

*Проект за водна инфраструктура на Општините во Македонија .Вкупен износ на проектот 66.962.501 ден.Општина Кавадарци учествува со износ од 6.157.390 ден од кои 1.158.000 ден ќе се реализираат во 2025 г.,износ од 5.000.000 ден во 2026 г. додека Министерството за ЖСПП плаќа износ од 60.805.111 ден директно на изведувачот.

*Изградба на водоводни линии во износ од 808.000 ден.

**- Изградба на капацитети во енергетика-Реконструкција и модернизација на улично осветлување 2024-2027 г. износ од 22.531.000 ден.** од кои 1.300.000 ден се наменети за еднократна исплата по завршувањето на Изградбата за

Модернизација и реконструкција на уличното осветлување за период од 2024 г. До 2027 г. Додека износот од 21.231.000 ден е наменет за отплата на 12-ет рати во 2025 година.

Реконструкцијата и модернизацијата на уличното осветлување во Општина Кавадарци за период од 2024 година до 2027 година е проектиран на износ од 64.990.000 ден.Според Договорот исплатата ќе се реализаира во период од три години 2025, 2026 и 2027 година по 12-ет еднакви рати секоја година или вкупно 36 рати.Износот на една месечна рата е 1.769.172 ден

**- Реконструкција на други објекти износ од 2.000.000 ден** наменети за реконструкција на 0бјект во СОУ Киро Спанџов Брко

**- Изградба на други објекти износ од 112.051.000 ден. и тоа:**

- Изградба на дом на култура во с.Дреново износ од 11.857.000 ден. за 2025 година.
- Проект 1 -Унгарски кредит-Изградба на кружен тек Р1107,надвор од опфат пред влез во град Кавадарци износ од 11.317.554 ден
- Проект 2 -Унгарски кредит-Реконструкција на ул.8-ми Септември износ од 9.108.089 ден.
- Проект 3 -Унгарски кредит-Реконструкција на пристапен пат до мв Косовец до с.Ресава.
- Проект 4 -Унгарски кредит-Реконструкција на линиски инфраструктурен објект локален пат од с.Ресава до с.Дабниште износ од 12.080.355 ден.
- Проект 5 -Унгарски кредит-Реконструкција на локален пат до с.Чемерско износ од 8.799.620 ден
-Проект 6-Унгарски кредит-Реконструкција на отворен базен износ од 30.141.432 ден.

**- Надзор над изградба на објекти-надворешен надзор износ од 1.500.000 ден**.

***Купување на канцелариски мебел** планиран износ од 3.500.000 ден наменет за замена на дотрајаниот канцелариски мебел –Канцелариски биро во Општинската зграда и изработка на рафтови за редење на кан.матерјали.

***Вложувања и нефинансиски средства** планиран износ од 22.665.000 ден наменети за набавка на Компјутерски софтвер во износ од 2.585.000 ден, Експропријација на земјиште износ од 20.000.000 ден. и Набавка на книги за библиотека износ од 80.000 ден.

***Отплата на Главнина** на Кредити во износ од 17.095.000 ден

Кредит 1-Отплата на главнина до други нивоа на власт –Министерство за финансии -Планиран износ од 6.395.000 ден-Реконструкција на главни сообраќајници во град Кавадарци и Реконструкција на локалниот пат ладно долче Крњево. Отплата на девета и десета рата на 10.03.2025 и 10.09.2025 година износ од 6.395.000 ден - 2 рати х 3.197.000 ден.Прва рата за отплата 10.09.2021 г.Вкупен износ на кредит од 65.000.000 денари со отплата на 20 рати.Последна рата за отплата на 10.03.2031 година

Кредит 2-Отплата на главнина кон домашни институции-Комерцијална банка ад- Изградба на Градски Пазар со подземен паркинг Планиран износ за отплата износ од 10.600.000 ден. Исплата на 4-ри рати во годината и тоа на 20.01.2025 , 20.04.2025 , 20.07.2025 и 20.10.2025 г.Вкупен износ на кредитот 117.488.844 ден со отплата на 10 години односно 40 рати.Прва рата за отплата на 20.07.2023 година, Последна рата отплата на 20.04.2033 година

**2.2.Расходи на самофинансирачките активности** се димензионирани на износ од 57.155.000 ден од кои :Трошоци за други надоместоци износ од 455.000 ден, -Трошоци за стоки и услуги износ од 51.227.000 ден, Субвенции и трансфери износ од 480.000 ден и Капитални расходи во износ од 3.823.000 ден

**2.3.Расходи од дотации** се планирани на износ од 681.900.000 ден од кои Плати и надоместоци износ од 581.106.000 ден , Трошоци за стоки и услиги износ од 88.444.000 ден, Субвенции и Трансфери во износ од 450.000 ден и Капитални расходи во износ од 11.900.000 ден

Основната намена на овој буџет е за покривање на расходи за Плати и надоместоци на вработени , додека потребите за Трошоци за Стоки и услуги институциите ги финасираат покрај од дотации и од самофинасирачки активности.

**2.4.Расходи од донации** е планиран на износ од 24.689.000 ден од кои Трошоци за стоки и услуги износ од 24.589.000 ден и набавка на друга опрема износ од 100.000 ден

**2.5.Расходи од кредити** е планиран на износ од 0,00 ден

# Б.ПОСЕБЕН ДЕЛ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

Посебниот дел на буџетот на Општина Кавадарци содржи План на одобрените средства на буџетските корисници по Програми , потпрограми и ставки за фискалната година

Расходите со предлог Буџетот на Општина Кавадарци се распоредени по програми и потпрограми како што следува:

## ПРОГРАМА А0 - Совет на Општина

Вкупните расходи за оваа Програма со предлог буџетот се планирани на износ од 8.915.000 ден.Расходниот дел на Програмата е димензиониран согласно Законските прописи и потребите од одредени трошоци со цел да се овозможи нормално функционирање на Советот како орган на Општината.

Најголема ставка во оваа програма се Надоместоците за присуство на седница на советниците кои се планирани на износ од 5.677.000 ден во висина на 60 % од просечната месечна нето плата во Република Северна Македонија исплатена во претходната година како и 30 % зголемен износ за надоместокот на Претседателот на советот(Сл.Весник на РМ бр.121/07 и Одлука на Совет на Општина Кавадарци).Персоналниот данок од надоместоци изнесува 680.000 ден.

Во рамките на оваа програма се планирани оперативни трошоци за извршување на функцијата на Органот и тоа : Патни и дневни расходи-патување во странство – 150.000 ден ,Чланарини во домашни организации – ЗЕЛС во износ од 358.000 ден ,Трансфер на средства до ЗЕЛС за Сертификација по Одлука на совет во износ од 550.000 ден и Расходи за репрезентација во износ од 300.000 ден.

Ставка Други трансфери е наменета за Награди на успешните ученици и ментори професори во Основно и средно образование во износ од 1.200.000 ден.

Преку расходните позиици во оваа Програма ќе се реализира Програмата за меѓународна соработка во која ќе бидат вклучени сите процеси на взаемна посета и размена на искуства со збратимени градови и градови пријатели на град Кавадарци.

## ПРОГРАМА А1 – Изборни активности и Референдуми

Расходите за Програма-Изборни активности и референдум се планирани на износ од 4.000.000 ден и се наменети за Изборите за Градоначалник и Совет на Општина Кавадарци кои треба да се одржат во Ноември 2025 година.

## ПРОГРАМА В3 – Социјална заштита

Вкупните расходи на оваа Програма се планирани на износ од 5.130.000 ден со цел остварување на социјалните аспекти на Буџетот за 2025 година.

Трансфер на средства во износ од 130.000 ден наменети за набавка на колички за инвалидни лица.

Социјалните бенифиции планирани се расходи во вкупен износ од 5.000.000 ден. наменети за Еднократна парична помош на социјално загрозените семејства во износ од 2.100.000 ден,ЕПП за ПРВАЧИЊА за учебната 2024/2025 година и

износ од 2.000.000 ден.наменети за Помош на Новородено дете на млади брачни парови на територијата на Општина Кавадарци со што е задржана и социјалната компонента.

## ПРОГРАМА Д0 - Градоначалник

Вкупните расходи за оваа Програма со Предлог Буџетот се планирани на износ од 4.212.000 ден.

Планирањето е во рамките на законските прописи Закон за лични доходи и др.надоместоци на пратениците во Собранието на РСМ и др.избрани и именувани лица во РМ-Сл.бр97/2010) со кои Тошоците за Плати и надоместоци се планирани по коефициент 3,2 за градоначалник на Општина од 25.000 до 50.000 жители и изнесуваат 2.162.000 ден.

Расходите за Резерви и недефинирани трошоци –Тековна резерва планирана е на износ од 200.000 ден наменети за разновидни расходи кои не можат да бидат предвидени во посебнана програма-Расходи поврзани со елементарни непогоди-пожар,поплави,лекување и сл,.

Патни и дневни расходи планиран износ од 50.000 ден. наменети за патување во странство.

Другите трансфери планирани се на вкупен износ од 1.800.000 ден кои се наменети за надомест на вработени лица во Општина Кавадарци и Институциите под надлежност на Општината при Смрт на потесен член на семејството.

## ПРОГРАМА Е0 - Градска Администрација

Вкупните расходи за оваа Програма со Предлог Буџетот за 2024 година планирани се на износ од 136.525.000 ден.

Главна претпоставка при планирање на Предлог Буџетот за оваа програма е да ја обезбеди фискалната функција на Буџетот преку обезбедување на ефикасно функционирање на Градска администрација и нормално извршување на надлежностите на Општината како и редовност во исплатата на Плати и надоместоци на вработените.

Во рамките на оваа програма се предвидени средства за исплата на Плати и надоместоци на Општинската администрација во износ од 108.395.000 ден. Висината на платите и другите надоместоци е предвидена со Законот за државни службеници и Законот за исплата на плати во РСМ, а вредноста на бодот е утврдена со Одлука за утврдување на вредност на бод на државни службеници донесена од Советот на Општина Кавадарци.

Расходите за Стоки и услуги се планирани на износ од 20.520.000 ден., и тоа : **- Патни и дневни расходи** планирани на ниво од 350.000 ден, од кои за патувања во земјата-Патарини износ од 150.000 ден а за Патување во странство износ од 200.000 ден.

**- Комунални услуги,Греење,комуникација и Транспорт** планирани се на износ од 11.350.000 ден и тоа за следните расходи:

*Електрична енергија износ од 4.500.000 ден наменети за расходи поврзани со Трошоците за електрична енергија во Општинската Зграда, Канцеларии по Урбаните заедници и сл.

*Водовод и Канализација во износ од 300.000 ден

*Течни горива планиран расход од 1.000.000 ден наменети за обезбедување на нафта за греење за Општинската Зграда.

*Пошта планиран износ од 1.500.000 ден ,Телефон и Телефакс вкупно планирани расходи за оваа намена во износ од 1.800.000 ден,Други трошоци за комуникација-интернет износ од 550.000 ден

*Горива и масла(моторни возила) планирани трошоци во износ од 1.500.000 ден наменети за гориво за Службените возила на Општина Кавадарци и Противпожарна единица Кавадарци

*Регистрација на моторни возила планирани трошоци од 200.000 ден наменети за Регистрација на моторните возила,зелен картон и др.документи поврзани со патување на Советот , Градоначалникот и Администрацијата.

**- Расходите за Матерјали и Ситен Инвентар** се планирани на ниво од 1.240.000 ден а распоредени на следниот начин:

*Канцелариски матерјал планиран расход од 400.000 ден наменет за обезбедување на Канцелариски матерјал за непречено работење на Општинската администрација

*Списнија,Весници и други изданија за користење од страна на администрацијата расходи на износ од 100.000 ден наменети за Годишна Претплата на Службен Весник , Економски списанија , Правни списанија како и набавка на соодветна стручна литература и сл.

*Прехрамбени продукти и пијалоци планиран расход од 500.000 ден,Сресва за одржување на хигиена 120.000 ден. како и Трошоци за Други матерјали планиран износ од 120.000 ден

**-Расходите за Поправки и Тековно одржување** се предвидени на износ од 3.020.000 ден и тоа;

*Поправки и сервисирање на лесни возила планиран расход од 1.000.000 ден наменети за Сервисирање на возилата на општината , набавка на гуми, резервни делови,

*Поправки и одржување на софтвер и хардвер износ од 1.920.000 ден

*Поправки и одржување на друга опрема-клима уреди износ од 100.000 ден

**-Расходите за Договорни услуги** планирани се на износ од 3.210.000 ден и опфаќаат:

*Изнајмување на друга опрема-штампачи износ од 750.000 ден

*Трошоци за банкарска провизија износ од 100.000 ден ,

*Осигурување на недвижности и права планиран расход од 200.000 ден

*Осигурување на моторни возила износ од 210.000 ден

*Расходите за Правни услуги планирани се на износ од 800.000 ден

*Судски вештачења износ од 150.000 ден

*Плаќање на судски такси планиран износ од 50.000 ден

*Други здравствени услуги-Систематски преглед износ од 200.000 ден

*Расходи за Рушење на објекти-дивоизградени во износ од 150.000 ден,

*Расходи за Други договорни услуги во износ од 600.000 ден

**-Другите тековни расходи** се планирани на износ од 1.3500.000 ден а ќе бидат потрошени на следниот начин:

*Расходи за репрезентација износ од 200.000 ден ; Семинари и Конференции планиран расход од 350.000 ден за стручно усовршување на администрацијата ;Објавување на огласи 300.000 ден, Други Оперативни расходи износ од 400.000 ден. наменети за Заверка на Документи на нотар , катастарски услуги и сл.

**-Расходите за Субвенции и трансфери** планирани на ниво од 7.610.000 ден,кој се наменети за ;

*Евентуални плаќања по судски решенија износ од 3.000.000 ден.

*Трансфери при пензионирање планиран износ од 160.000 ден наменет за вработените во Општинската администрација.

*Други трансфери планиран расход од 4.450.000 ден кој е наменет за Набавка на знамиња,Миење на коли,Исплата по решенија за набавки,јубилејни награди и сл..

## ПРОГРАМА ЕА – КАПИТАЛНИ РАСХОДИ НА ОПШТИНАТА

Планирани вкупен износ на капитални расходи од 8.635.000 ден и истата се наменета за набавка на Информатичка опрема износ од 2.450.000 ден, Опрема за греење и климатизација износ од 100.000 ден, Канцелариски мебел износ од 3.500.000 ден и Компјутерски софтвер износ од 2.585.000 ден.

## ПРОГРАМА Ф – УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ

е планирана на вкупен износ од 5.000.000 ден и истата се реализира преку следните потпрограми:

### Потпрограма Ф1 – УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ

Вкупните расходи за оваа Програма со Предлог буџетот се планирани на износ од 5.000.000 ден за Изработка на просторни и урбанистички планови на територијата на Општина Кавадарци.

# ПРОГРАМА Г – ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

е планирана на вкупен износ од 115.498.000 ден и истата се реализира преку следните потпрограми:

**Потпрограма Г1 – Подршка на Локален економскиот развој**

Вкупните расходи за оваа Програма планирани се на износ од 74.111.000 ден. и тоа:

**Трошоци за стоки и услуги:**

-Други Договорни услуги планиран износ од 4.830.000 ден наменети за Волонтери,Општокорисна работа,Јавни работи, Комисија за урбанистички планови

-Привремени вработувања планиран расход од 17.000.000 ден

-Расходи за Камата на искористени кредити износ од 5.500.000 ден

-Субвенции за јавни комунални претпријатија планиран износ од 26.200.000 ден од кои износ од 14.200.000 ден наменети за субвенции за ЈП Паркинзи Кавадарци, износ од 7.300.000 ден наменети за ЈП Градски Перевоз , износ од 4.000.000 ден наменети за субвенционирање на ЈП Спортска сала Јасмин. И износ од 700.000 ден наменети за субвенции за ЈП Комуналец.

-Субвенции за други институции планиран износ од 7.000.000 ден од кои износ од 4.500.000 ден. наменети за Локален Вински Музеј на Град Кавадарци и износ од 2.500.000 ден наменети за Ученички дом К.П.Мисирков

-Трансфери до здруженија на граѓани од Општина Кавадарци износ од 3.000.000 ден врз основа на Јавен повик до НВО од Општина Кавадарци.

-Останати трансфери до невладини организации планиран износ од 1.880.000 ден.од кои Трансфер до Здруженија за Развој на вински туризам износ од 1.000.000 ден,Банка за храна износ од 80.000 ден и Здружение на млади Креактив износ од 800.000 ден

-Други трансфери планиран износ од 8.701.000 ден наменет за Советувалиштен центар Визија –родова еднаквост износ од 795.000 ден,Комисија за еднакви можности при Општина Кавадарци износ од 200.000 ден.,Општински Совет за превенција од малолетничка деликвенција износ од 30.000 ден Општински Совет за безбедност на Сообраќајот износ од 60.000 ден, Субвенции за набавка на велосипеди износ од 300.000 ден,Субвенции за клима уреди износ од 1.000.000 ден. Трансфер до ЦРВПР –Проект Кеј река Луда мара износ од 1.951.000 ден, Провизија за реализирани проекти со ЦРВПР за 2024/25 г износ од 700.000 ден, Трансфер до ЈП Стационар Кавадарци за залобвени кучиња износ од 1.360.000 ден, Кофинасирање на Работа на ЈП Стационар Кавадарци по глава на жител износ од 1.546.000 ден, и Кофинансирање на Проект за експериментирање на Општинските услуги во соработка со УНДП во износ од 759.000 ден

**Потпрограма Г2 – Потикнување на развојот на туризмот**

Расходите за оваа програма во Предлог Буџетот се планирани на износ од 3.470.000 ден и истите се наменети за реализација на Програмата за активности на Општина Кавадарци во промоција на КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТА со цел воспоставување на добри релации на Општина Кавадарци со граѓаните и сите други корисници на услугите на Општината како и Развој на туризмот на теритотијата на Општина Кавадарци.

Реализацијата на оваа Програма е преку следните расходни ставки:

-Услуги за копирање,печатење и издавање износ од 1.295.000 ден наменети за Кавадаречки Информатор, Туристичка карта, Брошура Боите на Тиквешијата, Летоци и Брошури, и сл.,

-Објавување на Огласи и Соопштенија во државни печатени медиуми износ од 1.000.000 ден

-Други трансфери износ од 1.175.000 ден од кои износ од 400.000 ден се наменети за набавка на Плакети, признанија, сувенири и други обележја , додека износ од 500.000 ден се планирани за Обезбедување на висок степен на транспарентност на Општина Кавадарци преку ТВ медиуми и набавка на репрезентативни поклони во износ од 450.000 ден

**Потпрограма ГА – Изградба на комерцијални објекти**

Расходите за оваа програма во Предлог Буџетот се планирани на износ од 37.917.000ден. наменети за следните проекти:

**Капитални расходи:**

-Реконструкција на улици и патишта планиран износ од 2.323.000 ден наменети за Реализација на Проектот за Реконструкција на ул.Ѓорѓи Соколов во соработка со Министерството за транспорт и врски.Општина Кавдараци учествува со износ од 1.200.000 ден додека Министерството трансферира средства на наменска сметка во износ од 1.122.811 ден.

-Изградба на пречестителни станици и колектори планиран износ од 17.341.000 ден. кој износ ќе се реализира преку следните проекти:

*Проект за изградба на водоводна линија,фекална и атмосферска канализација на ул.Лазо Асијата-Повеќегодишна набавка износ за исплата во 2025 година 3.392.000 ден.

*Реконструкција на фекална канализација за с.Ресава.Вкупен износ на проектот 9.545.688 ден.Општина Кавадарци учествува со износ од 6.545.688 ден, додека Министерството за ЖСПП плаќа износ од 3.000.000 ден директно на изведувачот.

* Реконструкција на фекална канализација за с.Дабниште .Вкупен износ на проектот 10.402.703 ден.Општина Кавадарци учествува со износ од 7.402.703 ден, додека Министерството за ЖСПП плаќа износ од 3.000.000 ден директно на изведувачот.

-Изградба на капацитети за водоснабдување планиран износ од 1.158.000 ден. кој износ ќе се реализира преку следните проекти:

*Проект за водна инфраструктура на Општините во Македонија .Вкупен износ на проектот 66.962.501 ден.Општина Кавадарци учествува со износ од 6.157.390 ден од кои 1.158.000 ден ќе се реализираат во 2025 г.,износ од 5.000.000 ден во 2026 г. додека Министерството за ЖСПП плаќа износ од 60.805.111 ден директно на изведувачот.

**Отплата на главница:**

-Отплата на главнина на кредит износ од 10.700.000 ден наменет за отплата на Кредит од Комерцијална банка во вкупен износ од 117.488.844 ден наменет за изградба на Градски Пазар со подземен паркинг.Годишно се плаќаат 4-ри ануитети, или износ од 10.700.000 ден.Последен ануитет достасува на 20.04.2033 година.Отплата за 10-ет години или 40 ануитети.

-Отплата на главнина на долгорочни позајмувања од централната власт во износ од 6.395.000 ден. наменет за отплата на кредит на Мин. За финансии во вкупен износ од 63.931.920 ден реконструкција на сообраќајници во Град Кавадарци.Износ на еден ануитет 3.196.370 ден.Годишно се плаќаат два ануитета во износ од 6.395.000 ден.Последен ануитет достасува на 10.03.2031 година.Отплата за 10-ет години или 20-ет ануитети.

**Расходи од кредити** планиран износ од 0,00 ден

# ПРОГРАМА Ј – КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ

## Потпрограма Ј0 – Одржување на урбана опрема

Планирани расходи за ова програма се наменети за Поправки и тековно одржување на Урбана опрема-Клупи,Корпи за ѓубре,Сливници, Канделабри,Шахти и др. на износ од 1.000.000 ден.

## Потпрограма Ј3 – Јавно осветлување

Планираните расходи на оваа програма се предвидени на износ од 24.500.000 ден од кои износ од 3.000.000 ден се наменети за Набавка на Други матерјали за тековно одржување на уличното осветлување , износ од 4.000.000 ден се наменети за поправки и одржување на улично осветлување,износ од 500.000 ден наменет за тековно одржување на системот за управување со уличното осветлување и износ од 17.000.000 ден е наменет за Трансфер на средства до ЈП Паркинзи Кавадарци по основ на извршена услуга за потрошена Електрична енергија за улично осветлување во Град Кавадарци и Селата во Општина Кавадарци

## Потпрограма Ј4 – Јавна Чистота

Планираните расходи на оваа Потпрограма на износ од 17.000.000 ден се наменети за Одржување на улици и патишта во Град Кавадарци односно Миење и Метење на истите по Програмата за 2025 година.

## Потпрограма Ј6 –Одржување и заштита на локалните патишта и улици и Регулирање на режимот на сообраќај

Расходи за оваа Програма се планирани на износ од 15.400.000 денари од кои 13.000.000 ден се наменети за Одржување на улици и патишта - Крпење на ударните дупки износ од 3.000.000 ден. , Зимско одржување на локални патишта износ од 3.000.000 ден,Одржување на локални патишта износ од 1.000.000 ден. и Обележување на сообраќајници со полни и испрекинати линии во износ од 6.000.000 ден.

За Поправки и одржување на друга опрема планирани се расходи за Поправка и одржување на Семафорска сигнализација,раскрсници,портали и сл. во износ од 500.000 ден.

Други договорни услуги планиран износ од 1.400.000 ден наменети за Проценка на градежно земјиште,Геодетски елаборати,Лабараториски испитувања на асфалт и др.градежен матерјал, и Други трансфери планиран износ од 500.000 ден од кои износ од 200.000 ден е наменет за Брендирање на такси возила и автобуси, и сл. и износ од 300.000 ден наменети за избор на Акредитирана лабараторија за мерење на отпадни води и амбиентален воздух.

Потпрограма се финасира со средства од Агенцијата за патишта на РМ и од комунален надоместок за уредување на градежно земјиште.

## Потпрограма Ј7- Одржување и користење на паркови и зеленило

Вкупните расходи на оваа Програма-Одржување на други зелени површини се димензионирани на износ од 14.500.000 ден кои се наменети за уредување и одржување на Јавното зеленило во град Кавадарци за 2025 година.

## Потпрограма Ј8 – Други комунални услуги

Планирани расходи на оваа Програма со Предлог Буџетот се на ниво од 7.200.000 ден. од кои за

-Дезинфекција , дезинсекција и дератизација износ од 1.700.000 ден и Одржување на тоалетни кабини износ од 1.500.000 ден

-Други трансфери планиран расход од 4.000.000 ден наменети за Набавка на цветни и дрвни насади со засадување износ од 1.000.000 ден, Одржување на трева на Фудбалски терени износ од 3.000.000 ден

## Потпрограма ЈА-Изградба на јавно осветлување

Планираните расходи на оваа Програма со предлог Буџетот се на ниво од 22.531.000 ден од кои 1.300.000 ден се наменети за еднократна исплата по завршувањето на Изградбата за Модернизација и реконструкција на уличното осветлување за период од 2024 г. До 2027 г. Додека износот од 21.231.000 ден е наменет за отплата на 12-ет рати во 2025 година.

Реконструкцијата и модернизацијата на уличното осветлување во Општина Кавадарци за период од 2024 година до 2027 година е проектиран на износ од 64.990.000 ден.Според Договорот исплатата ќе се реализаира во период од три години 2025, 2026 и 2027 година по 12-ет еднакви рати секоја година или вкупно 36 рати.Износот на една месечна рата е 1.769.172 ден

## Потпрограма ЈД-Изградба и реконструкција на локални улици и патишта

Планираните вкупни расходи во оваа програма се на ниво од 167.533.568 ден,распоредени на следниот начин:

*Купување на друга опрема планиран износ од 7.900.000 ден наменети за исплата на повеќегодишна набавка за изградба на детски игралишта.

*Подготовка на Проекти износ од 6.100.000 ден наменети за Изработка на основни проекти,Ревизија и ГИС

*Изградба на улици и патишта на територијата на Општина Кавадарци износ од 53.620.000 ден

*Изградба на други објекти износ од 108.551.000 ден и тоа:

- Изградба на дом на култура во с.Дреново износ од 11.857.000 ден. за 2025 година.

-**Потпрограма ЈДА** - Проект 1 -Унгарски кредит-Изградба на кружен тек Р1107,надвор од опфат пред влез во град Кавадарци износ од 11.317.554 ден

-**Потптограма ЈДВ** - Проект 2 -Унгарски кредит-Реконструкција на ул.8-ми Септември износ од 9.108.089 ден.

-**Потпрограма ЈДГ** - Проект 3 -Унгарски кредит-Реконструкција на пристапен пат до мв Косовец до с.Ресава.износ од 12.080.355 ден

-**Потпрограма ЈДД** - Проект 4 -Унгарски кредит-Реконструкција на линиски инфраструктурен објект локален пат од с.Ресава до с.Дабниште износ од 25.246.448 ден.

-**Потпрограма ЈДЕ** - Проект 5 -Унгарски кредит-Реконструкција на локален пат до с.Чемерско износ од 8.799.620 ден

*Надзор над Изградбата износ од 1.500.000 ден

*Надомест за одземен имот во вкупен износ од 20.000.000 ден

## Потпрограма ЈФ - Изградба на сообраќајна сигнализација

Планирани вкупни расходи со Предлог буџет во износ од 3.500.000 ден од кои Расходи за Набавка на знаци, патокази, пречки за успорување на сообраќајот износ од 500.000 ден и Изградба на семафорска сигнализација на раскрсница износ од 2.000.000 ден.

-Расходи за подготовка на проекти,елаборати и ревизија на сообраќајни проекти износ од 1.000.000 ден

## Потпрограма ЈГ - Изградба на систем за водоснабдување

Вкупните планирани расходи за оваа програма во износ од 808.000 ден и истите се наменети за изградба-реконструкција на системи за водоснабдување во Општина Кавадарци.

## Потпрограма ЈИ - Изградба на системи за одведување и прочистување на отпадните води

Со Буџетот во 2025 година планиран е расход од 6.000.000 ден за Интервенции на фекална и атмосферска канализација и водоводната мрежа во Општина Кавадарци- Град Кавадарци и рурарните подрачја износ од 3.000.000 ден и Изградба на атмосферска канализација во с.Сопот износ од 3.000.000 ден.

## Потпрограма ЈЛ - Други комунални услуги(Капитални расходи)

Вкупните планирани расходи за оваа програма во износ од 3.500.000 ден и истите се наменети за Набавка и поставување на еластична ограда на Локалните патишта во Општина Кавадарци во износ од 500.000 ден како и Изградба на фонтана во износ од 3.000.000 ден.

## Потпрограма ЈН – Урбана опрема(Капитални расходи)

Капитални расходи наменети за Купување на друга опрема планирани на ниво од 6.500.000 ден од кои за набавка на Урбана опрема - Корпи за отпадоци,Клупи за седење износ од 1.000.000 ден , Комплет детски игралишта-оградување ,патеки ,гумена подлога износ од 1.000.000 ден,Изградба на настрешници за такси возила износ од 1.000.000 ден, Изградба на ПОРТАЛИ над раскрсница со патокази износ од 500.000 ден и партетно уредување до Шумарско Школо износ од 3.000.000 ден.

# ПРОГРАМА К - КУЛТУРА

е планирана во вкупен износ од 54.865.000 денари и истата се реализира преку следните потпрограми

## Потпрограма К1 - Библиотекарство

Вкупните расходи во оваа Програма со Предлог буџетот за 2025 година се планирани на износ од 10.678.000 денари од кои трошоците за плати и надоместоци од плати во износ од 9.166.000 денари кои се финансираат од Блок дотации за култура , трошоци за Стоки и услуги во износ од 1.512.000 ден кои што ќе се финансираат дел од Самофинансирачки активности се во износ од 512.000 ден. и дел од Основниот Буџет на Општина Кавадарци во износ од 1.000.000 ден. наменети за покривање на материјалните трошоци.

## Потпрограма К2 - Музичко и Сценско уметничка дејност

Вкупните расходи во оваа Програма со Предлог буџетот за 2025 година се планирани на износ од 18.108.000 ден. од кои трошоците за плати и надоместоци од плати во износ од 10.563.000 денари кои се финансираат дел од Блок дотации за култура ,трошоци за Стоки и услуги во износ од 7.545.000 ден кои се финансираат дел од Самофинансирачки активности во износ од 1.320.000 денари и дел од Основниот Буџет на Општина Кавадарци во износ од 6.225.000 денари со намена за покривање на материјалните трошоци.

## Потпрограма К3 - Музејска и кинотечна дејност

Вкупните расходи во оваа Програма со Предлог буџетот за 2025 година се планирани на износ од 13.579.000 ден. од кои трошоци за плати и надоместоци од плати во износ од 9.438.000 ден. кои се финансираат од Блок дотации за култура и трошоците за Стоки и услуги износ од 3.971.000 денари кои се финансираат од Основниот Буџет на Општина Кавадарци и се наменети за покривање на материјалните трошоци.

## Потпрограма К4 - Културни манифестации и творештво

Вкупните расходи во оваа Програма со Предлог буџетот за 2025 година се планирани на износ од 12.500.000 денари и истите се однесуваат на трошоци поврзани со организација на Културните манифестации – Нова година,Свети Трифун,Културно лето –Го сакам Кавадарци иТиквешки Гроздобер износ од 8.000.000 ден и трошоци во износ од 4.500.000 ден. кои овозможуваат реализација на културни настани како ноќевање и ручек на делегациии, Огномет , Озвучување на културни настани, Цвеќе и цветни аранжмани, Коктел- кетеринг за Нова Година, св.Трипун и Тиквешки гроздобер , Новогодишни пакетчиња за децта,Набавка на поклон за верски празник водици, Новогодишно украсување, Промоција на културно наследство Тиквешки карневал и др.

## Потпрограма КА - Културни манифестации и творештво(Капитални трошоци)

Капиталните расходи се планирани на износ од 355.000 ден наменети за набавка на информатичка и друга опрема во износ од 255.000 ден и Набавка на книги во износ од 100.000 ден

# ПРОГРАМА Н – ОБРАЗОВАНИЕ

е планирана во вкупен износ од 575.230.000,00 денари и истата се реализира преку следните потпрограми

## Потпрограма Н1 - Основно образование

Вкупните расходи во оваа Програма со Предлог буџетот за 2025 година се планирани на износ од 368.955.000 денари од кои трошоците за плати и надоместоци од плати во износ од 307.243.000 денари, трошоците Стоки и услуги неопходни за нормално работење на износ од 96.017.000 денари се финансираат дел од Блок дотации во износ од 49.362.000 ден, дел од материјалните трошоци што ќе се финансираат од Самофинансирачки активности изнесуваат 2.420.000 денари, трошоците кои што ќе се финансираат од Основниот Буџет на Општина Кавадарци се во износ од 35.260.000 денари,Субвенции и трансфери во износ од 1.990.000 ден од кои преку дотациите се финансира износ од 450.000 ден а од одновниот буџет износ од 1.540.000 ден

Расходите по основ на донации од страна на национална агенција за европски образовни програми и мобилност се во износ од 8.975.000 денари од кои износ од 5.299.000 ден се наменети за студиски патувања во странство за дел од наставниот кадар од Основните училишта, торшоци за договорни услуги износ од 3.466.000 ден како и останати расходи за стоки и услуги во износ од 210.000 ден.

## Потпрограма Н2 - Средно образование

Вкупните расходи во оваа Програма со Предлог буџетот за 2025 година се планирани на износ од 190.598.000 денари од кои трошоците за плати и надоместоци од плати во износ од 128.094.000 денари, како и трошоци за Стоки и услуги неопходни за нормално работење на износ од 46.570.000 денари од кои дел се финансираат од Блок дотации за образование износ од 31.906.000 ден, дел од материјалните трошоци ќе се финансираат од Самофинансирачки активности на износ од 10.000.000 денари, трошоците кои што ќе се финансираат од Основниот Општински Буџет на Општина Кавадарци во износ од 4.664.000 денари и Субвенции и трансфери износ од 320.000 ден кои се финансираат од основниор буџет.

Расходите од донации во износ од 15.614.000 денари од кои износ од 5.548.000 ден се наменети за студиски патувања во странство за дел од наставниот кадар од Средните училишта, трошоци за Договорни услуги износ од 9.561.000 ден и останати трошоци за стоки и услуги износ од 505.000 ден.

## Потпрограма НА - Капитални расходи во Основно образование

Планирани капитални расходи во износ од 360.000 ден наменети за купување на информатичка и друга опрема во износ од 250.000 ден, Набавка на мебел износ од 70.000 ден и набавка на книги и учебници во износ од 40.000 ден

## Потпрограма НБ - Капитални расходи во Средно образование

Планирани капитални расходи во износ од 4.218.000 ден наменети за купување на информатичка и друга опрема во износ од 500.000 ден, Реконструкција на објекти износ од 3.158.000 ден, Набавка на мебел износ од

210.000 ден , Набавка на книги и учебници во износ од 50.000 ден, Набавка на моторни возила износ од 300.000 ден.

## ПРОГРАМА В1 - Детски градинки

Вкупните расходи во оваа Програма со Предлог буџетот за 2025 година се планирани на износ од 142.638.000 денари од кои трошоците за плати и надоместоци од плати во износ од 96.847.000 денари, како трошоци за Стоки и услуги неопходни за нормално работење на износ од 44.151.000 денари од кои дел се финансираат од Блок дотации за детска заштита во износ од 7.176.000 ден, дел се ќе се финансираат од Самофинансирачки активности изнесуваат 36.975.000 денари , износ од 290.000 ден наменети за трансфери при пензионирање и други трансфери износ од 1.350.000 ден.

## ПРОГРАМА ВА - Капитални расходи за Детски градинки

Вкупните расходи во оваа Програма со Предлог буџетот за 2025 година се планирани на износ од 1.070.000 ден од кои за Купување на информатичка и друга опрема износ од 400.000 ден , Купување на мебел износ од 170.000 ден и Купување на возила износ од 500.000 ден

## ПРОГРАМА Л0 –Спорт и рекреација

Вкупните расходи за оваа Програма со Предлог буџетот се планирани на износ од 35.000.000 денари од кои за Трансфери до спртски клубови во Општина Кавадарци врз основа на претходно усвоена програма од Советот на Општина Кавадарци

## ПРОГРАМА Т1 –Унапредување на здравствена заштита

Вкупните расходи за оваа Програма со Предлог буџетот се планирани на износ од 1.200.000 денари во вид на трансфер до Здравствените институции во Општина Кавадарци а врз основа на изготвена Програма за здравствена заштита.

## ПРОГРАМА Р1 –ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА

Вкупните расходи за оваа Програма со Предлог буџетот се планирани на износ од 10.000.000 денари во вид на трансфер ЗА КОФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТОТ за Спречување на загадувањето на воздухот кој го имплементира МЖСПП во соработка со Програмата за развој на ОН односно Покривање на Кавадаречки дол и поставување на цевковод.Вкупната вредност на проектот е 20.000.000 ден.

## ПРОГРАМА Њ0-ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА

Вкупните расходи за оваа Програма со Предлог буџетот се планирани на ниво од 33.790.000 ден , од кои за расходи за плати и надоместоци износ од 32.270.000 ден финансирани дел од наменски дотации во износ од 20.210.000 ден и дел од Општинскиот Буџет во износ од 12.060.000 ден. Учество на Буџетот на Општина Кавадарци за покривање на Трошоци за стоки и услуги износ од 1.520.000 ден, Како и набавка на Опрема за пожарникарство износ од 300.000 ден

## **В.РАЗВОЕН ДЕЛ НА БУЏЕТОТ**

Развојниот дел на буџетот ги содржи плановите на програмите за развој прикажани по развојни проекти во Вкупен износ од 60.802.950 ден за период од 2025 година до 2026 година односно планирани Капитални Расходи во 2025 година во износ од 32.741.432 ден и планирани капитални расходи во 2026 година износ од 28.061.518 ден.

Развојниот дел на Буџетот на Општина Кавадарци во 2025 година е проектиран на износ од 32.741.432 ден и ќе се реализира преку следните РАЗВОЈНИ програми:

### **1.ПРОГРАМА ЈДБ-ИЗГРАДБА и Реконструкција на ЈАВНИ ОБЈЕКТИ**

Реализацијата на развојната програма за Изградба на Јавни објекти ќе се реализира преку капитлен проект наменети за подобрување на условите за живот на граѓаните на Општина Кавадарци во рурарните средина чија реализација се планира во период од 2025 до 2026 година.

**Проект:Изградба на Пристапен пат и улици во ЛУПД 12-те Другари во с.Ваташа , Општина Кавадарци**

Вкупната капитална инвестиција за Проектот изнесува 11.900.000 ден

Средствата се обезбедени од Основниот Буџетот на Општина Кавадарци

Проектот треба да се реализира во период од 2025 и 2026 година

Реализацијата во Буџетот за 2025 година е планирана на износ од 2.600.000 ден , а во Буџетот за 2026 година се планира во износ од 9.300.000 ден.

### **2.ПРОГРАМА ЛАА-Капитални расходи за спорт и рекреација**

Реализацијата на развојната програма за Реконструкција на отворен базен ќе се реализира преку капитлен проект наменети за подобрување на условите за спорт и рекреација на граѓаните на Општина Кавадарци чија реализација се планира во период од 2025 до 2026 година.

**Проект:Реконструкција на отворен базен**

Вкупната капитална инвестиција за Проектот изнесува 48.902.950 ден

Средствата се обезбедени од Основниот Буџетот на Општина Кавадарци во износ од 18.761.518 ден и износ од 30.141.432 ден наменски средства за капитални инвестиции-трансфер од Буџет на Македонија

Проектот треба да се реализира во период од 2025 и 2026 година

Реализацијата во Буџетот за 2025 година е планирана на износ од 30.141.432 ден , а во Буџетот за 2026 година се планира во износ од 18.761.518 ден.

Општина Кавадарци
Сектор за финансиски прашања
Кавадарци, Декември 2024